Архивски број: 08-466/2

29-08-2023 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ“ бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–466/1 од 14.06.2023 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-466/1 од 18.08.2023 година, поднесена од [redacted] **поради ненадлежност.**

О б р а з л о ж е н и е

Подносителот наведува дека од страна на Министерството за внатрешни работи не им се признава репрезентативност на ниво на работодавач. Синдикатот тврди дека условот за репрезентативност на ниво на работодавач го исполниле уште во 2018 година, со што по сила на закон, односно согласно Законот за работните односи се репрезентативни со тоа што имаат над 20% од вкупниот број на вработени во МВР за свои членови. Според подносителот, таквата репрезентативност работодавачот е должен да ја признае, но наместо тоа синдикатот е игнориран од него, притоа наведувајќи низа ситуации каде работодавачот кореспондира со друг синдикат, односно Македонскиот полициски синдикат, а не и со [redacted] кој според подносителот е исто така репрезентативен. За тоа дека како синдикат се репрезентативни на ниво на работодавач, во прилог подносителот доставува акт на Министерството за труд и социјална политика со кој се упатува на стекнување на репрезентативност по сила на закон, како и низа други акти во врска со одредени настани и кореспонденција со Министерството за внатрешни работи.

Од причини што согласно изнесените наводи се работи за потенцијален спор во врска со репрезентативност, односно остварување на колективни права од работен однос, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека конкретниот случај се однесува на потенцијална повреда на права од работен однос. Оттука, Комисијата одлучи дека за конкретниот случај е предвиден друг вид на заштита, а не заштита од дискриминација. Имено, согласно член 215 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ бр. 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 110/2019; 267/2020; 151/2021 и 288/2021), *Во случај на спор за репрезентативноста на синдикатот, односно на*

*здружението на работодавачите, одлучува надлежниот суд во согласност со закон, во рок од осум дена.* Следствено, Комисијата одлучи дека конкретната работа не е во нејзина надлежност.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на Комисијата



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk